**20242243916**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2024 година.

Бр. 08-5149/1
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 55/2007, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15) во член 16 во ставот 1 зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 2

Во член 26 во ставот 3 зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 3

Во член 29 во ставот 1 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 4

Во член 30 во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 5

Во член 30-б во ставот 7 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 6

Во членот 31 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 7

Во член 32 во ставот 1 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 8

Во член 38-а во ставот 1 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во ставот 4 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во ставот 5 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот 9 зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 9

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.